**20121243055**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 134 став (5) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11 и 74/12), министерот за финансии, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ НА ЗАБАВНИ ИГРИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за добивање на дозвола за приредување на забавни игри.

Член 2

Барањето за добивање на дозвола за приредување на забавни игри се поднесува на образец, во А-4 формат, на хартија во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.20-31457/1
13 септември 2012 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**ПРИЛОГ**

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

**БАРАЊЕ**
**за добивање на дозвола за приредување на забавни игри**

Од__________________________________________________________
(назив на трговското друштво/трговските друштва подносител/и на барањето)

____________________________________________________________
(седиште на трговското друштво/трговските друштва подносител/и на барањето)

**Краток опис поради што се поднесува барањето:**

Молам, согласно рокот утврден во член 134 став (4) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри да постапите по барањето за добивање на дозвола за приредување на забавни игри, за што во прилог на ова барање ги доставувам документите пропишани со член 134 став (2) и (3) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Датум и место

Подносител на барањето

_____________________________